UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

# БИЛТЕН ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

15

# ОКТ 2021




## НАСЛОВИ

**Уводник:** Ден на ОН стр **1**

**Одговор на COVID-19 и други ОН активности** стр **2, 3 и 4**

**Во фокус** Заедничка агенда стр **4**

## ПОВАЖНИ НАСТАНИ

### ОКТОМВРИ

- **6** преку својата Глобална програма за огнено оружје УНОДЦ продолжи да дава поддршка за Работната група за измена на Кривичниот законик во Северна Македонија преку онлајн состанок и тековни дискусии за различни прашања со членовите на работната група, вклучително и за посебните истражни мерки и усогласување со УНТОЦ и Протоколот за огнено оружје.
- **20** усвоена Младинска климатска декларација на Младинскиот климатски самит - младинска иницијатива поддржана од УНИЦЕФ и Италијанската, Шведската и Британската амбасада во Северна Македонија.
- **25** денот на ОН беше одбележан во Градскиот парк во Скопје, заедно со претставници од сите сегменти на општеството, од државни институции и граѓанско општество, до приватен сектор, академија и претставници на дипломатскиот кор.
- **28-29** канцеларијата на UN Women во Северна Македонија беше домаќин на работилница за размена на идеи на која учествуваа претставници на граѓански организации коишто работат на различни иницијативи за зајакнување на жените и зголемување на учеството на жените во одлучувањето во Северна Македонија и Албанија во рамките на проектот за родово одговорно буџетирање.

www.facebook.com/1un.mk

www.twitter.com/1UN_MK

## УВОДНИК од постојаниот координатор на ОН

Како одрживиот развој да биде врвен приоритет за сите и во сите наши постапувања и одлуки беше во фокусот на овогодинешната прослава на Денот на ОН, но, и дека е неизбежно да се потсетиме на нашите заеднички заложби во рамките на ОН, Агендата за одржлив развој, и на локално и на глобално ниво.

„Ние, народите на Обединетите нации...“ Овие први зборови од Повелбата на ОН навистина ја симболизираат важноста на посветеноста на земјите-членки на ОН заеднички да работат на постигнување мир, просперитет и почитување на човековите права. Обврска што сите ја презедовме. Тоа е обврска на сите нас, исто како и НИЕ НАРОДИТЕ кои се обврзавме да работиме заедно за да се искорени гладот и сиромаштијата, да се заштити планетата и да се обезбеди подобра, поправедна и позелена иднина за нас и за сите идни генерации. Тоа не е обврска само на владите, на ОН или на кој било друг.

Постигнат е напредок во имплементацијата на Агендата за одржлив развој 2030 во сите сегменти, и на глобално и на локално ниво. Досегашните напори мора да добијат пофалба. Сепак, тоа не е доволно. Почнувајќи од најочигледното – пандемијата со КОВИД-19 и надоврзувајќи се на посуровата реалност со климатските промени, тоа силно не потсетува дека тие напори не се доволни. Дотолку повеќе што сега е јасно – доколку сите не преземеме акција, индивидуално и заеднички, иднината што ја посакувавме, за нас, за нашите деца и внуци е во опасност.

Ние луѓето треба да најдеме уште повеќе начини да работиме заеднички и да ги забрзаме одржливите решенија за најголемите светски предизвици. Прво, мораме да разбереме дека Целите за одржлив развој се заложба за подобра иднина за сите нас и дека тие не припаѓаат на ОН, на Владата или на која било друга организација или група луѓе. Тие ни припаѓаат на сите нас.

Без разлика дали нашите напори се засноваат на Агендата 2030, процесот на пристапување во Европската Унија или на националните приоритети, ние во принцип работиме на истата основа и конечно за истата цел - забрзување на одржливиот развој за доброто на сите.

Второ, тие обврски мораме да ги спроведеме во пракса. Сите ние треба да примениме одржлив пристап во секое наше постапување и непостапување, во сите избори што ги правиме во текот на денот, секојдневно. Одржливиот пристап мора да биде составен дел од сите свесни и несвесни дејствија, од храната што ја јадеме, до влијанието што го вршиме врз нас самите, врз нашите семејства, пријатели, врз нашите заедници и на нашата планета.

И трето, мора да разбереме дека треба заеднички да работиме.



Сите наши разлики и недоразбирања од минатото мора да ги оставиме зад нас. Мораме да се погрижиме да не постои поголем приоритет од одржливиот развој.

Северна Македонија постигна навистина извонредни промени во насока на постигнување на ЦОР во изминатиот период. Во текот на 2020 година, среде најголемиот здравствен предизвик во изминатите неколку децении, земјата го направи својот прв Доброволен национален преглед за мерење на напредокот на агендата за ЦОР. Среде пандемијата со КОВИД-19, Северна Македонија објави нови национални климатски заложби за намалување на стакленичките гасови и го започна процесот на подготовка на Национална стратегија за развој, инструмент кој ќе ја опфати визијата за целото општество за подобра, поправедна и позелена иднина за сите.

Сепак, тоа не е доволно. Затоа, на овогодинешниот Ден на ОН, го најавив почетокот на нашата прва локална повеќегодишна отворена кампања за застапување наречена „Се грижам“ /"I Care“. Целта на кампањата е да се мобилизираат организации од СИТЕ сегменти на општеството, како и поединци од сите сфери на животот и тие активно да придонесат кон нашата заедничка заложба за позелена, подобра и поодржлива иднина.

Тоа е отворена платформа и секој може да се приклучи и да се застапува за подобрување на животниот стандард, за попристојни и зелени работни места, за универзални права на квалитетна, достапна и пристапна здравствена заштита, образование и неопходна социјална и детска заштита и за амбициозни климатски акции и заштита на биодиверзитетот. Со оваа кампања сакаме да го всадиме одржливиот пристап кај сите нас, да ги направиме потребните промени и да создадеме иднина којашто ја посакуваме.

Овие промени можат да се случат само ако вистински го постигнеме пристапот што го опфаќа целото општество. Ние, народите, заеднички се заложивме за подобра иднина за сите и мора да покажеме дека навистина се грижиме, и дека ќе направиме таквата иднина да биде остварлива.

**Росана Дуџак**
Постојан координатор на Обединетите нации во Северна Македонија

# ОДГОВОР НА COVID-19 И ДРУГИ ОН АКТИВНОСТИ

Агенциите на ОН продолжуваат да го поддржуваат одговорот на КОВИД-19 во земјата со конкретни интервенции и длабинска анализа фокусирана на прашања од нивните соодветни области на експертиза.

За да ги поддржи националните напори за обезбедување пристап и достапност до квалитетни услуги за сексуално и репродуктивно здравје дури и за време на пандемијата со КОВИД-19, **УНФПА** ја предводи набавката на опрема и добра за сексуално и репродуктивно здравје, врз основа на проценката на потребите спроведена заедно со националните партнери.

**СЗО** испорача пет носачи за вакцини и 1.250 тестови и реагенси за секвенционирање на вируси до Министерството за здравство/Институтот за јавно здравје, коешто ќе придонесе за ефективен одговор на КОВИД-19 во Северна Македонија. Набавката на опремата и имплементацијата на проектот беа поддржани од Германија и американскиот Центар за контрола и превенција на болести со техничка поддршка од СЗО.

Експертите на СЗО ја завршија техничката мисија во Северна Македонија во периодот од 18 до 25 октомври 2021 година, како дел од тековната тесна соработка со националните здравствени власти со цел зајакнување на подготвеноста и одговорот на вонредни јавно-здравствени состојби, вклучително и контролата на КОВИД-19.

СЗО ја поддржа конференцијата „ Унапредување на процесот на закрепнување и навремена реакција на ромската заедница во кризни состојби преку партиципативно и проактивно дејствување", организирана од Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ. Во партнерство со ЕСЕ, СЗО им овозможува, ги ангажира и зајакнува организациите во заедницата да станат „агенти на промени" и да го зголемат закрепнувањето и отпорноста на ромската заедница во вонредни состојби.

Бидејќи комуникацијата за ризик и ангажманот на заедницата е од клучно значење со цел националниот одговор на КОВИД-19 да биде ефективен и да има долгорочно позитивно влијание, СЗО продолжува да го олеснува пристапот до животоспасувачки информации и услуги за здравствена заштита, вклучително и имунизација против КОВИД-19, особено за заедниците во ризик како што се здравствените работници, старите лица и ромското население. Како дел од овие заложби беа организирани обуки за матични лекари за „Комуникација со пациенти за вакцинација против Ковид-19".

## OTHER UN ACTIVITIES

Група на иновативни алатки коишто ја зголемија транспарентноста на општините во земјата се дел од натпреварот за избор за највлијателна заложба во Европа за Наградите за Отворена Влада, коишто се доделуваат на глобално ниво како дел од десетгодишнината на иницијативата Отворено владино партнерство. Заложбата за транспарентни општини ја спроведува Министерството за локална самоуправа во соработка со **УНДП** и други партнери во рамки на проектот „Зајакнување на општинските совети", финансиски поддржан од Швајцарската агенција за развој и соработка.

Проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти", финансиран од Шведската агенција за меѓународна развојна соработка (СИДА) бележи значителен напредок во комплетирањето на деталната техничка документација за речиси 60 приоритетни инфраструктурни проекти низ земјата. Ажурираната сеопфатна техничка документација отвора значајни можности за мобилизација на ресурси за последователни наменски инвестиции за социјалната, еколошката и деловната инфраструктура. Како поддршка на овие напори, на 3 ноември 2021 година се одржа конференција за мобилизација на ресурси на високо ниво, на која учествуваа високи владини претставници и претставници на заедницата на донатори. Конференцијата, исто така, ги сумираше искуствата од пилотирањето на Фондот за техничка документација (ТДФ) – иновативен инструмент за финансирање којшто им помага на локалните самоуправи да постават приоритет и да обезбедат инфраструктура којашто ќе обезбеди подобри услови за живот на нивните граѓани.



Живка Ѓурчиновска, Тумчевиште/Гостивар, Северна Македонија, септември 2021. Фото: UN Women/Недева

„Обуките на работното место" за вработените во Управата за јавни приходи на тема Трансферни цени се одржаа како дел од проектот на УНДП за Поддршка на реформите за управување со јавните финансии во Република Северна Македонија, во првата недела од месец октомври. Двајца консултанти од Словачка и еден национален консултант ги споделија своите знаења и вештини за даночна контрола со службениците на УЈП преку пристапот „учење преку правење" во реално време. Градењето капацитети за реформа на трансферните цени е особено важно од аспект на ефикасна борба против даночната евазија и даночните измами. Проектот „Поддршка на реформите за управување со јавните финансии во Република Северна Македонија" се спроведува со финансиска поддршка и експертиза обезбедени од Министерството за финансии на Република Словачка.




Младински климатски самит, поддржан од УНИЦЕФ во соработка со Италијанската, Шведската и Британската амбасада.

**УНИЦЕФ**, Британската амбасада во Скопје и Светот на Биби започнаа нова иницијатива за поддршка на родителите да ги развиваат вештините коишто им се потребни за користење на активности засновани на игра за социјален и емоционален развој на децата. Новата иницијатива вклучува серија анимирани приказни, сликовници и друг материјал за поддршка на социјалното и емоционалното учење во најраните години од животот. Финансирана од Британската амбасада Скопје, оваа нова иницијатива на УНИЦЕФ и Светот на Биби беше промовирана на онлајн работилница каде што родителите можеа да се вклучат во разговор со експерти и да добијат практични совети за активности коишто ќе им помогнат на децата да научат како да ги препознаваат и да се справуваат со емоциите.

На националниот „Младински климатски самит" предводен од младите во Скопје младите од земјата усвоија Младинска климатска декларација со која ги повикуваат носителите на одлуки да преземат конкретни активности за климата и побараа повеќе можности и простор за поттикнување климатски решенија. Младинскиот климатски самит беше поддржан од УНИЦЕФ заедно со Италијанската, Шведската и Британската амбасада во Северна Македонија и организиран по глобалниот „Youth4Climate – Driving ambition" во Милано и во пресрет на 26-тата конференција на ОН за климатските промени во Глазгов. Таа се надоврзува на иницијативата „Преобмисли ја иднината" на Кабинетот на претседателот Пендаровски и УНИЦЕФ – иницијатива за младински консултации која им дава простор на децата и младите да се вклучат во дефинирање на визијата што ја сакаат за нивната иднина.

УНИЦЕФ ја започна втора серија на Eduino Webinars којашто се однесува на потребите на наставниците за хибридни методи на настава и други иновативни наставни практики и пристапи.

За да се зајакнат капацитетите на Државниот совет за превенција од малолетничка деликвенција, изготвен е извештај за иницијативи за развој на капацитетите. Во претстојниот период ќе се организираат работилници и обуки за да се вградат иновативни практики и пристапи во спроведувањето истражувања и да се опфатат корисниците и засегнатите страни на национално и локално ниво. Со цел да се обезбеди учество на децата, УНИЦЕФ го поддржува ангажманот на 60 адолесценти кои ќе станат застапници за

права за децата и ќе дизајнираат и развиваат идеи за еднаков пристап до правдата. Објавен е отворениот повик за младински застапници и започнати се подготовките за ориентациона обука за човекови права и правда за деца што ќе се одржи кон крајот на октомври.

Како дел од заедничките напори на СЗО, УНИЦЕФ и УНФПА за поддршка на Министерството за здравство во спроведувањето на мастерпланот за перинатална здравствена заштита до 2030 година, беа организирани активности за развој на капацитети за неонатолозите во педијатриските тимови на ниво I и неонаталните тимови на ниво II, како и за акушери и гинеколози за ефективна перинатална здравствена заштита. Спроведувањето на активноста наиде на предизвици предизвикани од пандемијата со КОВИД-19, но ќе продолжи до крајот на годината, специјално приспособено за целните групи - установи од I и II ниво, и матични гинеколози, со што ќе се придонесе за подобрување на здравствените исходи кај мајките и новороденчињата.

УНФПА договори Меморандум за разбирање со Бирото за развој на образованието во рамки на поддршката за пилотирање на Сеопфатното сексуално образование во основните училишта во Северна Македонија.

Во текот на септември 2021 година, УНФПА Северна Македонија поддржа две младински иницијативи за млади, ангажирајќи млади луѓе од различни региони во земјата и зајакнувајќи ги да ги споделат своите ставови, глас и потреби поврзани со младите, инклузијата и мирот. Во рамките на младинската иницијатива „Иновативни идеи за инклузија“, УНФПА во Северна Македонија организираше онлајн панел дискусија на тема „Инклузија и млади“ (16 септември 2021 година). Учесниците имаа можност да се запознаат со организации, иницијативи и младински групи кои активно работат на подобрување на животот на лицата со попреченост. Вториот настан, виртуелна изложба - промоција на уметнички дела доставени од младите за време на Конкурсот за вклученост на младите, беше организиран на 23 септември 2021 година. Младите имаа можност да ги достават своите индивидуални уметнички дела во двете категории: цртеж и фотографија, за да покажат какво е значењето на мирот за нив.

Во рамките на проектот „Нордиска поддршка за напредокот на Северна Македонија“, УНОПС и Секретаријатот за европски прашања (СЕП) иницираа развој на интегрирана платформа за Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) којашто треба да ги исполни функционалните и законските барања за евроинтегративниот и преговарачкиот процес. Платформата ќе биде во согласност со новата методологија за преговори на ЕК воведена во февруари 2020 година и ќе ги замени сите тековно оперативни технички платформи и сите под-системи и самостојни системи коишто досега се користат во СЕП за поддршка на различни сегменти од процесот на интеграција и преговори.



Млад бегалец волонтира на станицата за вода на UNHCR во рамки на Скопскиот маратон 2021 Фото: UNHCR/Thaqi

**УНОПС**, исто така, организираше девет обуки за околу 100 државни службеници од Министерството за правда, Народниот правобранител, Министерството за надворешни работи, СЕП, судии и обвинители и други државни институции за различни аспекти од процесот на интеграција во ЕУ. Овие обуки опфатија теми поврзани со Поглавјето 24 за азил и Шенгенското право, различните аспекти на меѓународната соработка во кривичната материја и Хашките конвенции.

Обуката на тема „Алатки за верификација на онлајн содржини и дигитално истражување - проверка на факти, вештини за користење онлајн алатки, практични вежби“ организирана од УНОПС, го означи почетокот на третиот циклус обуки за периодот октомври 2021 - март 2022 година за собраниската служба, коишто имаат за цел да ги зголемат капацитетите и разбирањето за процесот на пристапување во ЕУ.

Собранието донесе пет закони од областа на управувањето со отпад, чија подготовка беше поддржана од експерти на УНОПС, како дел од целната програма за градење капацитети во секторот за животна средина и климатски промени на Министерството за животна средина и просторно планирање. Покрај еколошките придобивки коишто ќе произлезат од овие закони (Закон за управување со пакување и отпад од пакување, Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, Закон за дополнителни текови на отпад, Закон за проширена одговорност на производителот за управување со специјалниот тек на отпад , Законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори), тие ќе придонесат и за натамошно приближување на правото на ЕУ во земјава. Оваа активност беше препорачана во Извештајот на Европската комисија за земјата за 2020 година, а последователното постапување беше истакнато во Извештајот на ЕК за земјата за 2021 година.

**UN Women** го одбележа овогодинешниот Меѓународен ден на руралните жени, 15 октомври, ставајќи акцент на тоа како родово одговорното буџетирање може да го подобри животот на руралните жени во рамките на регионалната иницијатива за родово-одговорно буџетирање. Во делот Focus на UN Women Global, беше вклучена репортажа која ги истакнува можностите за жените кои се регистрирани земјоделски производители да ги развиваат своите бизниси, преку добивање грантови во рамките на Националната програма за рурален и земјоделски развој во Северна Македонија. Прочитајте повеќе тука.

Како дел од регионалната програма на UN Women и финансирана од ЕУ - „Имплементација на норми, менување на умот“, Националниот ромски центар (НРЦ) организираше сесија за правно советување со осум жени и девојки Ромки во Прилеп на 21 октомври, каде учесниците разговараа за заштита од насилство врз жените и семејно насилство и можност за добивање правна помош/застапување. Во периодот од 22 до 29 октомври, НРЦ ќе одржи пет средби за водење дијалог во Кочани, Штип, Кичево и Куманово со членовите на ромската заедница за насилството врз жените, семејното насилство, зголеменото насилство за време на пандемијата со КОВИД-19 и раните бракови, за да се идентификуваат основните причини и локалните решенија.

Во продолжение на состанокот со извршниот директор на **УНОДЦ** одржан претходно во септември во Виена, УНОДЦ организираше онлајн консултации со Заменикот на Претседателот на Владата задолжен за борба против корупцијата, одржлив развој и човечки ресурси на Северна Македонија. На средбата двете страни ги идентификуваа преостанатите приоритети во борбата против корупцијата и се договорија за следните чекори и продолжување на дијалогот, како и трите заеднички приоритетни цели на усвоениот патоказ за борба против корупцијата и незаконското финансирање, што ќе резултира со реализација на остварливи мерки за справување со корупцијата/незаконско финансирање во согласност со меѓународните стандарди.

Во соработка со ОБСЕ, УНОДЦ одржа курс за обука на обучувачи како дел од повеќегодишната програма за обука за зајакнување на капацитетите на Северна Македонија во борбата против финансирањето на тероризмот. Осум национални обучувачи од министерствата за одбрана, финансии, внатрешни работи, Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и Царинската управа учествуваа на курсот, којшто се фокусираше на тоа како анализата на финансиските информации може да ги поддржи истрагите против тероризмот и притоа беа истакнати низа на аналитички техники.

Продолжувајќи ги напорите за подигнување на свеста за



Ученици од средното училиште "Димитар Влахов" во Струмица ја поставуваат станицата за климатски-паметно земјоделство Фото: FAO

# ОН АКТИВНОСТИ (продолжува)

бегалците, **УНХЦР** Северна Македонија го поддржа Скопскиот маратон со водна станица. УНХЦР мобилизираше млади волонтери од различно потекло преку своите нови партнери, НВО Младински образовен форум и приватното меѓународно средно училиште НОВА. Млад бегалец од Авганистан, исто така, учествуваше на настанот, кој им подаваше вода на тркачите од водната станица.

По трет пат, УНХЦР го поддржа Медиа Фестивал Скопје 2021 кој секоја година се организира од страна на ПИНА. Како дел од програмата, фестивалот организираше дискусија на тема - Медиумско известување за бегалците и лицата без државјанство. Новинарите зборуваа за нивните напори да го свртат вниманието на јавноста кон сериозните проблеми, но за жал, и покрај тоа, констатираа дека медиумите се немоќни во отсуство на системски промени.

УНХЦР го продолжи партнерството со Скопскиот џез фестивал, со фестивалска вечер посветена на нашата заедничка кауза за Солидарност со бегалците. УНХЦР ги поддржува напорите на Скопскиот џез фестивал и посветеноста да се едуцира за џезот и светската музика, но и за вредностите кон кои треба да се залага секој во општеството. Оваа година нашата соработка е финансирана од Повеќепартнерскиот фонд за миграции.

Околу 30 учесници од македонски и словенечки институции и граѓански организации учествуваа на настанот поддржан од УНХЦР, Онлајн размена за интеграција и егзистенција помеѓу властите и граѓанските организации на Северна Македонија и Словенија. Размената беше можност да се дискутираат стратегии и политики поврзани со интеграцијата, вклучително и основните услуги како што се учење јазици, вработување и образование, а коишто се во согласност со Акцискиот план за интеграција и инклузија за 2021-2027.

УНХЦР ја заврши годишната партиципативна проценка со засегнатите лица во соработка со властите, партнерските организации и агенциите на ОН како дел од мултифункционалниот тим. Вежбата се состоеше од теренски дискусии со бегалците и барателите на азил, за да се слушнат нивните перспективи и предизвици со кои се соочуваат, како и работилница со мултифункционалниот тим за да заеднички се дискутираат наодите во областите како што се услови за прифат, пристап до права/услуги, процедурата за утврдување бегалски статус и определување на најдобриот начин на дејствување по пат на соработка.

Како дел од регионален проект, **ФАО** ја поддржува Владата да ја зајакне климатската отпорност во земјоделството преку зајакнување на семенскиот систем во земјата, вклучително и подобрување на домашното производство на висококвалитетни и климатски толерантни семиња за стратешки земјоделски култури и градење на националните капацитети за да се обезбеди соодветно снабдување со семиња за земјоделците. Во соработка со Земјоделскиот институт во Скопје, ФАО воспостави локации во Кочани и Скопје за производство, тестирање и размножување на квалитетни семенски материјали за грав, пиперки и житарки, помагајќи да се процени влијанието на климатските промени врз земјоделското производство под различни услови, како и ефектите од примената на различни агротехнички мерки со посебно внимание на заштитата и исхраната на овие култури како важни предуслови за одржливо земјоделско производство. Благодарение на овие активности ќе се добие квалитетен семенски материјал којшто ќе биде достапен за дистрибуција на заинтересираните земјоделци. Дополнително, 45 земјоделци, земјоделски производители, претставници на семенски фарми и задруги беа обучени како да селектираат, тестираат и одгледуваат висококвалитетни семиња за секоја култура, со цел да се постигнат оптимални приноси при променлива клима.

Преку друг проект, ФАО промовира климатско-паметно земјоделство за да ја зајакне отпорноста на земјоделскиот сектор. Две теренски пилот локации за демонстрација на климатски-паметно земјоделство и практики за одржливо управување со земјиштето беа воспоставени од ФАО – една во средното општинско училиште „Димитар Влахов“ во Струмица, со најголем број ученици во стручното средно училиште во земјата кои изучуваат земјоделство, и уште една во просториите на земјоделската задруга „Петрушка Река“ во село Миравци, Гевгелија. И учениците и земјоделците од двата региона ќе учествуваат на теренски демонстрации и обуки за практиките на климатско- паметно земјоделство за производство на зеленчук во современи пластични високи тунели опремени со иновативни технологии, вклучително и со хидропоника.

ФАО започна нов проект помагајќи им на Владата и Агенцијата за храна и ветеринарство во воспоставувањето модерен Национален информативен систем за животни за да се поддржат напорите за интеграција на земјата во ЕУ во областа на здравјето на животните и безбедноста на храната. Преку уште еден нов проект, ФАО работи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на развој на конкурентен и одржлив сектор за добиток којшто придонесува за отворање работни места во руралните области и подобрување на исхраната на населението.

Покрај тековните активности за консолидација на земјоделското земјиште, ФАО поддржува интегриран развој на локалната заедница во неколку села, вклучително и реновирање на локалниот културен дом во село Спанчево (Општина Чешиново-Облешево), инсталирање на модерна опрема за осветлување во основното училиште во село Соколарци (Чешиново-Облешево) и реновирање на основното училиште во село Егри (општина Битола). Слични пилот акции се во тек и во селото Оптичари во општина Битола.

Преку проектот на ЕУ и ФАО - MAINLAND, напредува изградбата на нова земјоделска инфраструктура за консолидација на земјоделско земјиште од 336 хектари во селото Егри, вклучувајќи и изградба на нови канали за одводнување, проширување на постоечката мрежа за наводнување и изградба на патишта со чакал - со цел да се зајакне продуктивноста и конкурентноста на 214 земјоделци/сопственици на земјиште.

# ВО ФОКУС **Заедничка агенда**

*„Се наоѓаме на точката на пресврт во историјата. Во овој наш најголем заеднички тест од Втората светска војна, човештвото се соочува со остар и неодложен избор: да се распаднеме или да направиме исчекор напред. “*

Генерален секретар на Обединетите нации, Антонио Гутереш

Во 2020 година, среде пандемијата со КОВИД-19 којашто зеде огромен данок на животите и егзистенцијата и не потсети дека глобалните кризи може да се решат само преку глобална соработка и решенија, светските лидери одржаа виртуелна средба за да усвојат декларација по повод 75-годишнината на Обединетите нации со 12 клучни заложби за нашата иднина. Во исто време, тие побараа од генералниот секретар Антонио Гутереш „да достави извештај“ пред крајот на 75-та седница на Генералното собрание „со препораки како да се унапреди нашата заедничка агенда и да се одговори на сегашните и идните предизвици“.
Во својот извештај „Нашата заедничка агенда“ Генералниот секретар ја претстави визијата за иднината на глобалната соработка преку инклузивен, вмрежен и ефективен мултилатерализам. При подготовката на извештајот, ОН вклучија широк спектар на засегнати страни, вклучувајќи ги земјите-членки, креаторите на мислење, младите луѓе, граѓанското општество и системот на Обединетите нации и многубројните партнери.

Нашата заедничка агенда е агенда на дејствување, дизајнирана да ги зајакне и забрза мултилатералните договори – особено Агендата 2030, коешто ќе направи видлива разлика во животите на луѓето. Агендата содржи препораки во 4 пошироки области:

Прво, обновена солидарност помеѓу луѓето и идните генерации, почнувајќи од планот за вакцинација за сите, а особено за оние на кои им е најпотребна, како и храбри чекори за решавање на меѓусебно поврзаните еколошки аспекти како што се климатските нарушувања, губењето на биодиверзитетот и загадувањето што ја уништува нашата планета.

Второ, нов општествен договор меѓу владите и нивните луѓе, како и во рамките на општествата, за повторно да се всади довербата преку слушање и консултации со сите граѓани. Општествениот договор треба да биде втемелен на човековите права за да луѓето видат резултати коишто се отсликуваат во нивниот секојдневен живот. Тоа вклучува активно и рамноправно учество на жените и девојките, зајакнато управување за да се обезбедат подобри јавни добра и нова ера на универзална социјална заштита, здравствено покритие, образование, вештини, пристојна работа и домување, вклучително и универзален пристап до интернет до 2030 година како основно човеково право.

Трето, подобро управување со критичните глобални заеднички работи, како што е постигнување заеднички, емпириски поддржан консензус околу фактите, науката и знаењето. За таа цел, од суштинско значење е да се стави крај на „инфодемијата“ и „војната против науката“. Одлуките за политиките и буџетот мора да се засноваат на научни и стручни аргументи, коешто создава потреба од глобален кодекс на однесување со којшто се унапредува интегритет на информациите од јавен карактер.

Четврто, глобални јавни добра кои обезбедуваат правичност и одржливост за сите. Бруто домашниот производ (БДП), на начинот на којшто се мери денес, не успева да ја отслика деструкцијата од некои деловни активности за луѓето и животната средина. Оттука, ГС повикува на нови мерки за надополнување на БДП, за да можат луѓето да стекнат целосно разбирање за влијанијата на деловните активности и како можеме и мораме подобро да ги поддржуваме луѓето и нашата планета.

Од суштинско значење е да се размислува на долг рок, да им се помогне на идните генерации да бидат подобро подготвени за предизвиците што претстојат, преку активно и значајно ангажирање на младите во и надвор од Обединетите нации, вклучително и преку подобро политичко претставување и преку трансформација на образованието, обуката за вештини и доживотно учење. Тоа може да се постигне со пренамена Старателски совет, Futures Lab, Декларација за идните генерации и специјален претставник на Обединетите нации со цел во одлуките за политиките и буџетот да се земе предвид како тие влијаат врз идните генерации. ОН ќе помогнат во одговорот на големите глобални ризици преку редовно објавување на Стратешко предвидување и Извештај за глобален ризик, како и преку предложената платформа за вонредни состојби којашто ќе се свикува за да се одговори на сложени глобални кризи.

Конечно, ГС силно се залага за ефективен мултилатерализам, во време на поделеност, фрактури и недоверба. За тоа се потребни ефективни Обединети нации, способни да се прилагодат на глобалните предизвици додека ги исполнуваат целите и принципите на својата Повелба. Во овој контекст, ГС предложи Самит за иднината за да се постигне нов глобален консензус за тоа како треба да изгледа нашата иднина и што можеме да направиме денес за да ја обезбедиме иднината. Советодавниот одбор на високо ниво, предводен од поранешни шефови на држави и влади, може да биде корисен во идентификувањето на глобалните јавни добра и други области од заеднички интерес каде што е најпотребно да се подобри управувањето и да се предложат опции како да се постигне тоа.

Особено за време на кризата со КОВИД-19, уште еднаш покажавме дека човештвото е способно за големи достигнувања преку заедничка работа. Затоа, Заедничката агенда претставува патоказ за да се врати овој позитивен дух, да го возобновиме нашиот свет и да ја вратиме взаемната доверба во овој клучен историски момент.

The latest version of the Sustainable Development Bulletin is available on UN North Macedonia website. For additional information, please contact rc-northmacedonia@un.org. Produced by the UN Resident Coordinator’s Office in North Macedonia | 11 November 2021

**www.un.mk**